РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 21-962/27
17.11. 2025 год.

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Сл. Весник на РСМ“ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Општина Крушево, на ден ____________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е 1.6 – градби за пречистување отпадни води “Пречистителна станица за викенд зона” и дел од канализациона мрежа КО Крушево вон град, м.в. Гумења, општина Крушево, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Крушево, www.krusevo.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е 1.6 – градби за пречистување отпадни води “Пречистителна станица за викенд зона” и дел од канализациона мрежа КО Крушево вон град, м.в. Гумења, општина Крушево, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Основна цел на Урбанистичкиот проект е да се изврши планско, програмско и нормативно разработување на градежна парцела. Со Урбанистичкиот проект се разработуваземјиште од локално значење. Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 1,061 ха.

Овој плански документ нема значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Бр.** 21-962/27

**Датум:** 17.11.2025г.

**Место: општина Крушево**

**Општина Крушево**

**Градоначалник,**

**Нико Чонески**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА Е 1.6 – ГРАДБИ ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ "ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ВИКЕНД ЗОНА" И ДЕЛ ОД КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, М.В. ГУМЕЊА, ОПШТИНА |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДППТУ. Форми дооел. Битола |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Градоначалник на Општина Крушево |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Јорго Шундовски, д.и.а. |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | 070312515 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Локацијата административно припаѓа на Општина Крушево. Согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА Е 1.6 – ГРАДБИ ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ "ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ВИКЕНД ЗОНА" И ДЕЛ ОД КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, М.В. ГУМЕЊА, ОПШТИНА кој се донесува за подрачје вон населено место Крушево, утврдено со закон. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Подрачјето кој е предмет на разработка со овој урбанистички план претходно бил предмет на истражување и планирање само на Просторниот план на Република Македонија (2004 - 2020). |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од** |

**Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

ДА – просторно и урбанистичко планирање.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Со Прилог I, точка 11 предвидени се Пречистиетелни станици со капацитет над еквивалент од 10000 жители, Оваа станица е многу помала.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Со изработката за урбанистичкиот проект се создаваат услови изградба на пречистителна станица за излетничката населба шсо што се обезбедува пречистување на отпадните води и трајна заштита на животната средина на околината и реципиентот на отпадните води од системот за канализација. При тоа планскиот документ се усогласува со поставките и параметрите дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ како и со одобрената Планска програма за овој план.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2025 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

Не е предвидено

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Просторот кој е предмет на Урбанистичкиот проект припаѓа на Општина Крушево.

Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 1,061 ха.




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат**

| | |
|---|---|
| **значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.** Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ се ограничени на времетраењето на изведбата. Не се очекуваат негативни влијанија во тек на експлоатација | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Со реализација на планскиот документ ќе се постигне квалитетно и стабилно пречистување на отпадните води од излетничкаат населба. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. Напротив влијанијата се позитивни по здравјето и квалитетот на животот. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина не се очекуваат надвор од периодот на изведбата. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Површината на опфатот на проектот изнесува 1,061 ха, но влијанието е пошироко, односно заштитена е околината но и целиот водотек на реципиентот од загадување<br>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во Општина Крушево се вкупно 9684 жители, населбата е многу помала и нема податоци за перманентно населени лица. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание по однос на водотеците. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Со реализација на проектот се подобрува комуналната опременост и заштитата на животната средина. | |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Не се евидентирани посебни природни карактеристики или културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Од увидот на терен, констатирано е дека планскиот опфат претставува неизградено земјиште. Теренот е кос со пад кон реципиентот, така што самата пречистителна станица не го надвишува пејзажот. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Просторот на кој ќе се гради нема особени природни карактеристики кои треба да се сочуваат. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за подобрување на квалитетот на животот и заштита на животната средина.<br>Со Урбанистичкиот проект предвидена е изградба на пречистителна станица, за која во текот на постапката за издавање на одобрение за градба ќе се изработи елаборат за животна средина. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во непосредна близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |

| |
|---|
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>- Негативните влијанија кои се очекуваат во вид на прашина и опасност од повреди при работа на изведувачите се ограничени на периодот на изведба и се неколкукратно помали од позитивните влијанија од експлоатација на инфраструктурата. Пречистителната станица овозможува контрола на квалитетот на отпадните води и заштита на животната средина. При тоа во тек на експлоатација не се очекуваат никакви негативни влијанија по околината. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>При самата изведба можно е загадување на воздухот со прашина од градежните работи, што треба да се превенира со прскање вода, како и опасност од повреди при работа или повреди од возила во делниците покрај патот. Потребно е да се обезбеди соодветна опрема за работниците, шлемови, елеци, како и соодветно сообраќајно регулирање со знаци за предупредување.<br>**Основен проблем кој го решава овој проект е пречистување на отпадните води од излетничката населба и заштита на животната средина** |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Урбанистички проект е поврзан со следниве документи:<br>• ЛЕАП за општина Крушево;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната** |

| |
|---|
| **средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Нико Чонески<br>[signature] |
| **Бр.** 21-962/26<br>**Датум** 17.11.2025 год.<br>**Место** Општина Крушево | М.П.<br>[stamp: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА КРУШЕВО / REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT - KOMUNA E KRUSHEVËS] |